ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 20 ДАТА 25.05.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 20 ДАТА 25.05.2022 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 24.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ТИКВЕШ 1930" АД - Кавадарци: Симе А. Стојов, по член 35/1.

ФК „ГАБЕР" - с. Ваташа: Ернес Е. Амедоски, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 23.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „УСКАНА" - Кичево: Сулоја В. Ајан, по член 35/1.

ФК „ВЛАЗРИМИ Ј. 1977"- Кичево: Селими Валдет, Алију Мафаил, Асани Селим, Реџепи Батим, по член 35/1.

Коча Дрин, Мехмеди Ендрит и Алијоски Алмир сите од ФК„Велазерими Ј. 1977", по член 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 23.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕРАК" - Прилеп: Рајчиноски Н. Христијан, Јовески О. Бојан, по член 35/1.

ФК „ПРИЛЕП" - Прилеп: Ралески Ф. Благоја, Ингилизов В. Тимотеј, по член 35/1.

Тумaноски К. Марко од ФК„Победа"АД-Прилеп, по член 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 23.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАРАОРМАН" - Струга: Мустафи Диел, по член 35/1.

ФК „ЈАНГ ТИМ" - Струга: Реџепи Реџеп, Жута Јон, Хани Анди, Асани Арти, Амзоски Невзат, Вишко Керем, по член 35/1.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Струга Трим Љум" АД од Струга и Фудбалерот Беќири Берат го раскинаа договорот, професионално занимање со фудбал - СПОГОДБЕНО.

- **Бришење од регистар:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Струга", фудбалерите: Алуши Герти ид бр. 134352 и Ала Блертон ид бр. 104457 бидејќи преминуваат со регистрација на територја на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 23.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР" АД - Гостивар: КајаТахир, Ракипи Влеран, по член 35/1.

Хорвати Ен од ФК„КФГ Гостивар"АД-Гостивар, по член 35/2

Усеини Бенет од ФК„Младост"-Гостивар, по член 35/4.

**Седница од 23.05.2022 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РИНИА“ - с.Пршовце: Амети Ерзен, по член 35/1.

ФК „ШКЕНДИЈА“ АД - Тетово: Мурати Ендрит, по член 35/1.

ФК „РЕНОВА“ АД - с. Џепчиште: Белули Лавдрим, Фејзулахи Пајтим, Мемети Елсон, Шабани Лорик, Абдурахмани Убејд, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО**
**Седница од 16.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „НЕГОТИНО“- Неготино: Доневски В. Петар, Стојменов З. Давор, Стојменов З. Дарио, Данаилов Ѓ. Димитриј, Стефанов М. Христијан, Јованов Л. Никола, Стојанов Д. Матеј, Јанев Д. Кристијан, Ристовски Б. Александар, Мелов К. Константин, Бојков П. Стојан, Смилков М. Ѓорѓи, Доневски Д. Бране, Стојановиќ Р. Марко, по член 35/1.

ФК „ЈАНГ БОЈС“ - Неготино: Аризанов П. Ристе и Митевски Т. Иван, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ**
**Седница од 24.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „КАМЕНИЦА САСА“ - М.Каменица: Стоименовска А. Тамара, Ивановска Б. Јулија, Ивановска Д. Јелена, Јанкуловска Г. Јана, Стојчевска И. Леона, Ванчевска Ќ. Мелани и Јанкуловска Д. Дариа, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Седница од 23.05.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР“ АД - Битола: Бутлевски Т. Андреј, Лозановски З. Димитар, Мојсовски Л. Кристијан по член 35/1.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1252/3
20.05.2022 год.

Врз основа на член 109 и член 111 став 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа :

   На седницата одржана на ден **15.04.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1034/2

   На седницата одржана на ден **20.04.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1073/2
   - Одлука со деловоден број 0202-1073/3
   - Одлука со деловоден број 0202-1073/4
   - Одлука со деловоден број 0202-1073/5
   - Одлука со деловоден број 0202-1073/6

   На седницата одржана на ден **27.04.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1120/2

   На седницата одржана на ден **13.05.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1226/2
   - Одлука со деловоден број 0202-1226/3
   - Одлука со деловоден број 0202-1226/4

2. Одлуката стапува на сила веднаш и истата ќе се објави во Макфудал.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 20.05.2022 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0202-1252/19
20.05.2022 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 22, во врска со член 114 став 1 алинеа 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За измена на одлуката на Управниот одбор бр. 0202-1065/6 од 23.04.2021 година**

1. Се менува точка 1 од одлуката бр. 0202-1065/6 од 23.04.2021 година со која се назначени членовите на Младинска комисија на Управниот одбор на ФФМ.

2. Се разрешува Јовче Поповски од Охрид од функцијата член на Младинската комисија на Управниот одбор на ФФМ.

3. Мандатот на Јовче Поповски од Охрид како член на Младинската комисија на Управниот одбор престанува на последниот ден од натпреваруваčката сезона 2021/2022 година.

4. Се назначува за Никола Цветкоски од Охрид за член на Младинската комисија на Управниот одбор на ФФМ.

5. Мандатот на Никола Цветкоски од Охрид како член на Младинскта комисија на Управниот одбор започнува на првиот ден од натпреваруваčката сезона 2022/2023 година.

6. Изменетата точка 1 од Одлуката на Управниот одбор бр. 0202-1065/6 од 23.04.2021 гласи:

- Арменд Бекири – Претседавач
- Зоран Јовановиќ – Заменик претседавач
- Никола Цветкоски – член
- Илир Бектеши – член
- Дејан Боневски – член
- Ајетали Дервиши - член

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на седницата одржана на 20.05.2022 година, го разгледа документот од Општинскиот фудбалски сојуз Охрид примена во ФФМ на ден 19.04.2022 година под бр. 0302-1062/1 со која Општинскиот фудбалски сојуз Охрид врши промена на членот на младинската комисија на ФФМ Јовче Поповски и на негово место го назначува Никола Цветкоски. Управниот одбор имајки во предвид дека единствен надлежен орган за назначување и разрешување на членовите на постојаните комисии на Управниот одбор на ФФМ е Управниот одбор на ФФМ и Упрвaниот одбор на општинскиот фудбалски сојуз Охрид не е надлежен на назначува, односно разрешува членови на постојани комисии на Управниот одбор на ФФМ, го прифати дописот/одлуката како барање од страна на Општинскиот фудбалски сојуз Охрид да се разреши досегашниот член на младинската комисија предложен од нивна страна, со предлог да се назначи Никола Цветкоски за член на Младинската комисијата на ФФМ. Управниот одбор го разгледа барањето и имајки во предвид дека има неполн месец до завршување на натпреварувачката сезона 2021/2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Муамед Сејдини

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 15-1250/5
17.05.2022 год.

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав:Игор Франгоски –претседавач, Барат Исмаили – зам.претседавач, Драган Блажовски – член, Сулејман Ибиши – член, Гоце Цветановски –член на седницата одржана на ден 17.05.2022 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1.**ФК Шкупи 1927 АД** од Скопје се прогласува за победник на Прва МФЛ за сезона 2021/2022 година.
2. **ФК Силекс АД** од Кратово се прогласува за победник на Втора МФЛ Запад за сезона 2021/2022 година.
3. **ФК Победа АД** од Прилеп се прогласува за победник на Втора МФЛ Исток за сезона 2021/2022 година.

2 Одлуката стапува на сила **веднаш.**

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 17.05.2022по завршените првенства во Прва МФЛ и Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката сезона 2021/2022 ги констатира победниците во лигите и донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за натпревари
Претседавач
Игор Франгоски с.р

<u>**Правна поука:**</u>

**Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.**

**Доставено до:**
**ФК Шкупи АД**
**ФК Силекс**
**ФК Победа АД**
**Архива на ФФМ**

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 15-1273/1
18.05 2022 год.

Врз основа на член 32 и член 42 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад, за натпреварувачката 2021/2022 година, в.в со член 100 од Правилникот за натпреварување на ФФМ , Комисијата за натпревари на ФФМ во состав: Игор Франгоски – претседавач, Сулејман Ибиши – член, Берат Исмаили – член, Блажовски Драган – член и Гоце Цветановски– член , постапувајќи по жалбата од ГФК Осогово од Кочани бр. 15-1218/2 од 16.05.2022 година, на седницата одржана на ден 17.05.2022 год., ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Жалбата поднесена од Фудбалски клуб Осогово од Кочани бр. 15-1218/2 од 16.05.2022 година, се одбива како неблаговремена.

2. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 17.05.2022 година пред да се впушти во материјална расправа во врска со жалбата поднесена од Фудбалски клуб Осогово од Кочани бр. 15-1218/2 од 16.05.2022 год и прилозите со жалбата ( записници од натпревари и тоа: записник од Прва МФЛ, 28.08.2021 ФК Шкупи 1927 АД – ФК Скопје АД; записник од КУП натпревар 20.10.2021,ФК Брегалница 2008 АД - ГФК Охрид Лихнидос; записник од Втора МФЛ Запад 2021/22 од 27.11.2021 ФК Силекс АД - ГФК Охрид Лихнидос, записник од Втора МФЛ Исток 2021/22 , 23.04.2022 ФК Братство 07 - ФК Детонит Јуниор) пристапи кон утврдување на надлежност за постапување, благовременост и таксираност на жалбата.

Комисијата утврди дека жалбата е уредно таксирана.

Надлежностите на Комисијата се уредени со член 32 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад, за натпреварувачката 2021/2022 година каде што е утврдено дека Комисијата ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен. Надлежноста на Комисијата да постапува по пријава, жалба или по службена должност е поконкретно утврдена со одредбите на член 99, 100, 101 и 102 од Правилникот за натпреварување на ФФМ.

Комисијата утврди дека има надлежност да постапува по прекршување на одредбите на општи акти на ФФМ, како што е Правилникот за регистрација статус и трансфер на ФФМ но <u>само на начин уреден со член 100 став 1 т.2 од Правилникот за натпревари на ФФМ односно по изјавена жалба по натпревар.</u>

Во врска со благовременоста на жалбата, Комисијата го утврди следното:

Комисија за натпревари на ФФМ

Согласно член 42 став 2 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад, за натпреварувачката 2021/2022 година, сите најавени жалби во два примерока со образложение мора да се достават до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 72 часа од денот на одигрување на натпреварот.

Согласно член 42 став 3 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад, за натпреварувачката 2021/2022 година, **заинтересиран клуб има право во рок од 48 часа по одигрувањето на натпреварот да достави жалба** со образложение до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во два примерока.

Врз основа на погоренаведеното, Комисијата утврди дека **жалителот како заинтересиран клуб ги пропуштил роковите,** за согласно член 100 став 1 т.2 од Правилникот за натпревари на ФФМ да ги обжали настапите на наведениот фудбалер од моментот кога за прв пат сметал дека со таквиот настап се прекршува одредба од Правилникот за регистрација статус и трансфер на ФФМ како општ акт на ФФМ. Комисијата утврди дека во рамките на Втора МФЛ Исток 2021/22 каде што се натпреварува и жалителот, фудбалерот последен пат настапил на натпреварот од 24 коло ФК Братство 07 - ФК Детонит Јуниор одигран на ден 23.04.2022 година.

Согласно погоренаведеното Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за натпревари
Претседавач
Игор Франгоски

**<u>Правна поука:</u>**

**Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.**

**Доставено до:**

- ГФК Осогово-Кочани
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков –член, Сашка Зердеска- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1198/1 против Никола Стоиловски со ИД 111540 фудбалер на ГФК Осогово исклучен од натпреварот ГФК Осогово-Ф.К Детонит Јуниор одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на Стадионот во Кочани поради добиен втор жолт - црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 12.05.2022 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На Никола Стоиловски со ИД 111540 фудбалер на ГФК Осогово исклучен од натпреварот ГФК Осогово-Ф.К Детонит Јуниор одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на Стадионот во Кочани поради добиен втор жолт - црвен картон,* ***СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствен/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече 08.05.2022 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари* бр.15-1198/1 против Никола Стоиловски со ИД 111540 фудбалер на ГФК Осогово исклучен од натпреварот ГФК Осогово-Ф.К Детонит Јуниор одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на Стадионот во Кочани поради добиен втор жолт - црвен картон, *ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 07.05.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 26 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите ГФК Осогово-ФК Детонит Јуниор на Стадионот во Кочани Во 90+7 минута од натпреварот на играчот* ***Никола Стоиловски со ИД 111540 фудбалер на ГФК Осогово*** *му е доделен втор жолт-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради неспортски однос.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***ГФК ОСОГОВО***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 08-1217/8

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**